**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 август 2019 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: јули 2019 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** во јули бележи нагорна месечна промена од 1,1%, главно под влијание на движењата кај готовите пари во оптек, краткорочните депозити и депозитните пари[3]. На годишна основа продолжи растот, кој во јули изнесува 8,8%. Годишен раст забележаа сите компоненти на паричната маса, а најголем придонес во нејзиното зголемување имаат депозитните пари (учество од 64,7%), по што следуваат придонесот на краткорочните депозити, готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години.

– Во текот на јули, **вкупните депозити[4]** оствarija месечен и годишен раст од 0,8% и 10,0%, соодветно. Овие промени се резултат на растот на депозитите кај двата сектора, но со малку поизразен придонес на секторот „домаќинства".

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 6.2019 | 7.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 6.2019 | 7.2019 | 6.2019 | 7.2019 |
| **Парична маса М4** | **354,712** | **372,931** | **374,681** | **386,470** | **395,840** | **416,814** | **427,071** | **431,799** | **6.2** | **5.1** | **7.5** | **10.1** | **11.7** | **11.8** | **10.5** | **10.1** | **0.8** | **1.1** |
| **Парична маса М3** | **322,199** | **336,989** | **337,684** | **348,090** | **353,862** | **373,436** | **379,982** | **384,347** | **6.0** | **4.6** | **7.3** | **10.1** | **10.9** | **10.8** | **9.2** | **8.8** | **0.8** | **1.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 29,968 | 28,658 | 29,681 | 30,665 | 32,233 | 32,554 | 34,251 | 7.2 | 6.3 | 6.9 | 4.2 | 5.9 | 7.6 | 9.7 | 10.1 | 1.1 | 5.2 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **339,314** | **340,135** | **349,816** | **358,126** | **375,046** | **386,461** | **389,733** | **5.7** | **5.4** | **7.1** | **9.9** | **11.6** | **10.5** | **10.5** | **10.0** | **0.9** | **0.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 89,248 | 85,791 | 90,295 | 93,775 | 97,703 | 99,456 | 100,776 | 13.4 | 2.1 | 4.1 | 11.6 | 16.8 | 9.5 | 10.1 | 9.1 | 1.3 | 1.3 |
| Домаќинства | 217,394 | 230,744 | 233,485 | 236,832 | 240,139 | 252,563 | 258,100 | 259,765 | 2.5 | 6.1 | 7.3 | 7.9 | 8.4 | 9.5 | 9.0 | 9.1 | 0.4 | 0.6 |
| **Вкупни кредити** | **284,782** | **300,257** | **298,059** | **306,049** | **311,558** | **322,089** | **330,726** | **328,105** | **-0.1** | **5.4** | **5.7** | **6.2** | **7.9** | **7.3** | **8.1** | **6.8** | **0.7** | **-0.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 154,225 | 157,722 | 152,187 | 155,427 | 157,165 | 164,765 | 165,305 | 161,544 | -5.3 | 2.3 | 2.3 | 2.9 | 5.7 | 4.5 | 6.4 | 4.3 | 0.2 | -2.3 |
| Домаќинства | 129,321 | 141,232 | 144,491 | 149,254 | 152,990 | 155,734 | 163,963 | 165,165 | 7.0 | 9.2 | 9.4 | 9.7 | 10.1 | 10.3 | 9.9 | 9.4 | 1.2 | 0.7 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[5] Годишните стапки на кредитите во периодот јуни 2016 – мај 2017 година беа под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од две години.

- По месечниот раст во јуни, **вкупните кредити** во јули се намалија за 0,8%. Месечното намалување е одраз на поголемиот износ на извршени задолжителни отписи на сомнителните и на спорните побарувања во овој месец, под влијание на регулаторни промени.[6] Од аспект на одделните сектори, месечниот пад се должи на намалените кредити на корпоративниот сектор, при благ раст на кредитирањето на секторот „домаќинства“. Доколку се направи корекција за извршениот отпис, вкупното кредитирање на месечна основа бележи раст од 0,3%. На годишна основа, растот на вкупните кредити изнесува 6,8%, како резултат на годишниот раст на кредитирањето кај двата сектора. Ова претставува забавување на годишната динамика, како одраз на регулаторните промени, без чиј ефект вкупниот годишен кредитен раст изнесува 8,2%.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлука за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.
[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во јули 2019 година, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** пораснаа за 1,3% на месечна основа, главно под влијание на растот кај депозитните пари и краткорочните депозити во денари и во странска валута, а во услови на минимален раст кај долгорочните депозити во денари и пад на долгорочните депозити во странска валута. Стапката на годишен раст на депозитите на корпоративниот сектор изнесува 9,1% и во најголем дел се објаснува со зголемувањето на депозитните пари.

– По благиот раст кај **кредитите на корпоративниот сектор**[8] во јуни, овој месец е евидентиран позначителен пад од 2,3%, кој се должи на падот во кредитирањето на корпоративниот сектор во денари и во странска валута. На годишно ниво, кредитирањето на корпоративниот сектор бележи пораст за 4,3%. Доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и на спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, кредитите на корпоративниот сектор во јуни бележат годишен раст од 6,6%.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

Извор: НБРСМ.

– Вложувањата на **домаќинствата во депозити** во банките и штедилниците, овој месец се зголемени за 0,6%, што се должи на растот кај сите компоненти на депозитите, а во најголем дел на краткорочните депозити во странска валута, на кој отпаѓа речиси половина од растот. Споредено на годишна основа, стапката на раст изнесува 9,1% и е резултат на денарската и на девизната компонента, со поголемо учество во растот на денарските депозити.

– Вкупните **кредити на домаќинствата** оствариja месечно и годишно зголемување од 0,7% и 9,4%, соодветно. Гледано по валутната структура, најголемо учество во месечниот раст имаат кредитите одобрени во странска валута, додека годишниот раст во поголем дел се должи на кредитите одобрени во денари. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и на спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во јуни би изнесувал 10,1%.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 6.2019 | 7.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 6.2019 | 7.2019 | 6.2019 | 7.2019 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 72,595 | 74,218 | 77,100 | 78,964 | 80,632 | 86,335 | 87,528 | 13.4 | 10.9 | 10.7 | 11.1 | 11.1 | 11.1 | 12.0 | 12.1 | 1.5 | 1.4 |
| Станбени кредити | 34,608 | 39,535 | 40,899 | 42,309 | 43,896 | 45,539 | 47,785 | 48,525 | 14.3 | 14.2 | 15.4 | 14.9 | 16.2 | 15.2 | 12.9 | 13.0 | 1.0 | 1.5 |
| Автомобилски кредити | 323 | 316 | 318 | 307 | 301 | 312 | 320 | 324 | -19.1 | -2.2 | 2.9 | 0.2 | -2.2 | -1.3 | 4.0 | 6.0 | -1.2 | 1.4 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,281 | 12,157 | 12,192 | 12,235 | 12,246 | 12,007 | 12,015 | 0.3 | -0.8 | -1.1 | -0.8 | -0.9 | -0.3 | -1.5 | -1.5 | -0.4 | 0.1 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 5,896 | 6,300 | 6,672 | 6,881 | 6,232 | 6,850 | 6,815 | 3.6 | 1.8 | 0.4 | 4.8 | 5.7 | 5.7 | 2.7 | 1.7 | 1.9 | -0.5 |
| Други кредити | 4,584 | 4,564 | 4,534 | 4,593 | 4,566 | 4,607 | 4,217 | 4,177 | 7.3 | -0.4 | -0.5 | -0.8 | -0.2 | 0.9 | -8.2 | -8.9 | 0.4 | -1.0 |

Извор: НБРСМ.

– Во јули, анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, **потрошувачките и станбените кредити**, како најзастапени категории, забележаа месечен раст од 1,4% и 1,5%, соодветно, додека годишниот раст изнесува 12,1% и 13,0%, соодветно. Кај **автомобилските кредити**, овој месец е евидентиран месечен и годишен раст од 1,4% и 6,0%, соодветно. Кредитите одобрени врз основа на **кредитни картички** бележат минимален месечен раст од 0,1%, додека на годишно ниво е евидентиран еднаков пад како и од претходниот месец од 1,5%. **Негативните салда на тековните сметки** бележат надолна месечна промена од 0,5%, додека на годишно ниво бележат раст од 1,7%. Кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечен и годишен пад од 1,0% и 8,9%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitnite-institucii---mesecni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 20 септември 2019 година (референтен пресек заклучно со август 2019).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).